# ОПШТИНА
# КАВАДАРЦИ



# ОТЧЕТ
## ГРАДОНАЧАЛНИК
## МИТКО ЈАНЧЕВ

Почитувани кавадарчани!



Дадената поддршка за втор мандат, за мене значи соочување со уште поголеми предизвици за брзо реализирање на сите планирани проекти. Предизборната програма почна да се планира, но и да се реализира од првиот ден.
По измината една година заедно со службите, но и со Вас, драги сограѓани, сведоци сме на голем број реализирани проекти.

Во овој отчет за сработеното, една година од овој мандат се забележани сите реализирани и отпочнати проекти, сите настани, сите средби кои досега се остварени.
Јас силно верувам дека, исто и како во претходниот мандат, предизборната програма ќе се реализира во многу краток временски период. Имаме уште 3 години за да ги реализираме планираните, но и нови проекти кои произлегуваат од Вашите барања и потреби.

Со прогресивен развој и напредок стигнавме до прво место. Кавадарци веќе одамна отскокнува од другите општини во инфраструктурата, економскиот развој, туристичката понуда, но и стана општина во која се живее безбедно и квалитетно.
Идните генерации веќе имаат одлични услови за образование, а потоа и градење кариера и создавање семејство.
Веќе се реализирани голем број на капитални проекти, а неколку големи проекти се во завршна фаза. Ова е голем успех не само за мене, не само за Општина Кавадарци, најмногу за вас драги кавадарчани.
Изградивме нов современ Градски зелен пазар по светски стандарди, ново место на кое што верувам кавадарчани се горди. Реконструкција на ул. Зелен Пазар на потег од тунелчето и од спој со ул. „Цано Поп Ристов".Со реализацијата на овој проект значително ќе се подобрат условите за сите нас, ќе се намали сообраќајниот метеж,

централното градско подрачје ќе добие нов лик.

Изградивме нов парк Киро Крстев, нов парк во градот, со урбана опрема и хортикултурно уредување, функционален и направен со цел нашите граѓани да имаат уште едно катче за разонода, рекреација и прошетка со најблиските. Спортската сала во О.О.У „Страшо Пинџур” се изгради за помалку од една година, каде учениците имаат можност наставата по физичко образование да ја изведуваат во овој објект. Изградба на Спортска сала во О.О.У „Димката Ангелов Габерот с.Ваташа, Кавадарци. После многу години, село Ваташа доби современа спортска сала.

Реконструкција на О.О.У „Димката Ангелов Габерот Кавадарци” подрачно училиште во село Сопот, комплетна реконструкција на О.О.У ,,Страшо Пинџур” во с. Возарци.
Изградба и опремување на капелата на муслиманските гробишта во Кавадарци. Изградба на соблекувални по сите стандарди за првпат во село Сопот. Подобрување на условите на сите спортисти за тренинг и натпревари.
После 40 години Кавадарци доби нова детска градинка. Во објектот „Сонце“ кој ќе работи во склоп на детската градинка „Рада Поцева“ се згрижуваат 180 деца во седум групи.
Во функција е пуштена петата минихидроцентрала на системот Лукар. Вкупно на 18 локации се поставија мерни станици со што се најави почетокот на регионалниот проект ,,Инсталирање на мерни станици за СМАРТ ЗЕМЈОДЕЛСТВО за општините Кавадарци, Росоман,Неготино и Демир Капија”.
Проект вреден 2,2 милиони евра, грант од германската КФВ банка, кој веќе извесен период се реализира во Кавадарци. На повеќе улици се врши реконструкција на атмосферската канализација, но и одвојување на фекалната од атмосферската.
Општина Кавадарци е меѓу првите која го реализираше проектот ,,Поставување на фотонапонски панели на 10 Јавни општински објекти, со вкупна инсталирана моќ од 19,2 киловати на час.
Заедно со градоначалниците на Општините Неготино, Росоман и Демир Капија како и претставници од Националната мрежа против

насилство врз жените и здружение за родова еднаквост „Визија" Кавадарци, се отвори советувалиштниот центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство.
Во однос на инфраструктурните проекти , во изминатите години беа целосно реконструирани, пробиени и поплочени голем број на улици: 7 Септември, Вардарска, Шишка, Западен Булевар, Благој Дафков, Глигор Прличев, Цветан Димов, Дисанска, Наца Пинџурова, патот до село Дреново, патот до Ресавски залив, Праведничка,
Моклишка,16 Јуни, патот до Куманичево, Страшо Пинџур, Браќа Хаџи Тефови, Западен Булевар (коњски дупки), пат од браната Хец Тиквеш до Голеш, од с Раец до Ќесендре, Крсте Мисирков, Ванчо Николевски со улицата Боро Ваташки, улиците Индустриска, Лазо Асијата, Ристо Миов, Орце Николов, патот до село Фариш, Јованче Велков, Февруарски поход, Пешо Самарџиев, Клинска, 41 Дивизија и Црноречка, Зелен пазар, Ресава, потпорен зид во Горна Бошава, пешачка патека на ул. 14 Мај со улицата Неретва, потоа Домовица, Иво Андриќ, Цано Поп Ристов и многу други.
Во однос на околните села во нашата општина, континуирано се работи на подобрување на пристапните патишта и реализација на проекти во селата. Пробиени и санирани се многу селски патишта. Исчистени се повеќе од 20 депонии во Марена, Сопот,Дреново, Ресава и другите околни села.
Зелени површини и урбана опрема, израдивме спортски сали, соблекувални, беа реконструирани повеќе фудбалски игралишта во градот и селата во Кавадарци. Кавадарци веќе години наназад е на врвот на листата за најеколошки град во нашата земја. Хигиената во градот е на едно завидно ниво.
Во делот на спортот, реализирани се низа проекти од кои најзначајни се , изградбата на спортски сали, реконструкција на игралиштата и изградба на 15 нови детски игралишта во градот, селата и руралните средини. Отворање на лизгалиште во зимскиот период, како и целосна реконструкција на градскиот стадион Тиквеш, реконструкција на фудбалското игралиште во населба Глишиќ и Спортскиот центар Јасмин, и следуваат во селата Марена, Ваташа и Дреново.

Почитувани!

Овие проекти се само дел од досега сработено.
Овие проекти, кои се направени и ќе се прават, е тоа што Кавадарци го прави модерен град и безбедно место за живеење. Тоа е она што ќе ги натера младите да останат, живеат и творат овде во родниот град.

Секако дека, без граѓаните, без нивната несебична помош и поддршка ова немаше да биде возможно. И затоа сакам да упатам голема благодарност до нив.

Благодарност до Советот на Општина Кавадарци за донесените одлуки, за досегашните и идни седници, на кои единствено ќе расправаме за тоа што ние можеме да им дадеме на граѓаните, а не тие нам. Благодарност до вработените во Локалната самоуправа, Јавните претпријатија, за помошта која градот Кавадарци ја добива од компании од Кавадарци и со седишта во Кавадарци.

Благодарност до сите кои и со само една капка, допринесоа Кавадарци да стане мирно море во кое заедно ќе пловиме безбедно и сигурно.

Да ни е вечно нашето убаво Кавадарци!

Со почит,
Градоначалник
д-р Митко Јанчев.

1. Градскиот пазар кој после 60 години доби модерен и атрактивен изглед таков каков што треба да биде и каков што заслужуваат граѓаните. До пред една година, оваа идеја, проект, беше само парче хартија, а сега после една година, добивме место за пазарување по сите светски стандарди. Се простира на површина од 2100 метри квадратни со три нивоа, приземно и подземно со вкупно 130 паркинг места, магацински простор и санитарни јазли. Делот за пазарување располага со 190 модерни тезги и 6 фрижидери. Сите нивоа се поврзани преку скалници, товарен лифт за достава на стока и помал лифт за пешаци.Овој пазар ќе им овозможи на граѓаните да купуваат секогаш свежо овошје и зеленчук, млечни, месни и други производи.





Поради сообраќајната поврзаност на новата улица Зелен пазар со улиците 7-ми Септември и Цано Поп Ристов, може да му се пристапи од сите страни. Изградбата траеше десет месеци и чини 105 милиони денари, пари што Општина Кавадарци ги обезбеди преку заем од домашна банка. Пазарот е еден од најсовремените во земјава. Покриен, опремен со современи тезги и разладни витрини. Лик на нов современ зелен пазар со две нивоа за паркирање и едно ниво за продажба на свежи зелени производи, но и производи кои бараат посебни услови.



2. Нов парк ,,Киро Крстев".Паркот е со целосно нов изглед, урбана опрема и хортикултурно уредување, функционален и направен со цел нашите граѓани да имаат уште едно катче за разонода, рекреација и прошетка со најблиските. Реализацијата на

овој проект е донација од компаниите "ЈА-МИ" и "З Транспорт". Нов парк во градот. Во моментов се работи на





пристапни пешачки патеки од ул. Ристо Миов и ул. Методија Цунов Цикот, а со асфалтирањето на ул. Ристо Миов комплетно ќе биде реализиран Деталниот урбанистички план Дисанска.

3. Спортската сала во О.О.У „Страшо Пинџур" се изгради за помалку од една година, каде учениците имаат можност наставата по физичко образование да ја изведуваат во овој објект.



Спортската сала е со површина од 650м2, се состои од две меѓусебно поврзани секции: секција на помошни простории и секција на главен простор - фискултурна сала. Проектот опфаќа изградба на спортската сала и комплетно опремување на истата со опрема и мебел. Ќе се започне и со комплетна реконструкција на училишниот двор, асфалтирање и поплочување, со летниковец за одмор на учениците.

Со тоа училиштето освен внатрешно , и надворешно ќе добие нов лик. Изградбата на спортската сала во дворното место на О.О.У ,,Страшо Пинџур" Кавадарци како дел од Проектот за изградба и опремување на 145 училишни спортски сали финансиран од Владата на Македонија.

4. Изградба на Спортска сала во О.О.У „Димката Ангелов Габерот с.Ваташа, Кавадарци. После многу години село Ваташа доби современа спортска сала. Истата се изгради за помалку од една година, и од оваа учебна година учениците ќе имаат можност наставата по физичко образование да ја изведуваат во овој објект. За оваа инвестиција Општина Кавадарци издвои 24 милиони денари од својот буџет. Спортската сала се протега на површина од 400 м2.



5. Реконструкцијата на О.О.У „Димката Ангелов Габерот Кавадарци" подрачно училиште во село Сопот. Се извршија градежни активности кои опфатија целосно реновирање на училиштето, поставување на нов под во сите училници, нови врати,реконструкција на ѕидови, плафони и ходници.



Комплетно е променета цела електрична инсталација и поставено е ново енергетско ефикасно осветлување, нови тоалети, и тоалети за лица со посебни потреби. Направена е целосна реконструкција на подрумските простории на училиштето.Со ова учениците во село Сопот добија современо, енергетски ефикасно училиште во кое се остварува воспитно образовен процес согласно најсовремените стандарди. Претходно се направи и реконструкција на училишниот двор, а проектот за спортска сала со одобрението се готови и со новиот буџет ќе се започне со изградба на нова спортска сала во село Сопот, за сите ученици и спортисти.

6. Комплетна реконструкција на О.О.У ,,Страшо Пинџур" во с. Возарци. Истата опфаќаше градежни зафати кои се однесуваа на изградба на комплетно нов кров, реконструкција на фасада и градежно занаетчиски работи во внатрешноста на училиштето кои опфаќаа санација на под, плафон и ѕидови. Наместени се и клупи, столчиња, табли, шкафчиња и се што ќе им биде потребно на

учениците. Со ова значително ќе се подобрат условите за работа и одвивање на квалитетна настава. Самиот објект доби нов лик, а учениците добија современо училиште во кое од оваа учебна година ќе се остварува воспитно образовниот процес согласно најсовремените стандарди. Целосната инвестиција е околу 9.000.000 денари.



7. Соблекувалните во селата Марена и Сопот. Соблекувални по сите стандарди, првпат во овие две села. Подобрување на условите на сите спортисти за тренинг и натпревари.Две простории, за домашни и гости, со санитарни чворови, кујна и просторија за делегати и судии. Вредност од 3.400.000 денари.

8. После 40 години Кавадарци доби нова детска градинка. Во објектот „Сонце“ кој ќе работи во склоп на детската градинка „Рада Поцева“ се згрижуваат 180 деца во седум групи. Новата градинка е изградена и опремена по современи стандарди, а чини 57.4 милиони денари. Таа е изградена согласно најсовремените стандарди за енергетска ефикасност и ќе користи и обновливи извори на енергија преку системот на сончеви колектори.





Во изминативе четири години, заедно со новиот објект, капацитетот на градинката е проширен за 380 места, со тоа Кавадарци нема повеќе проблем со капацитет за згрижување на деца во градинка.
Проектот е финансиран во целост МОН.



9. Промена на прозорите во зградата на Локалната Самоуправа Кавадарци. Објектите кои се опфатени со овој договор се и основните училишта Страшо Пинцур од село Дреново, Страшо Пинцур од село Возарци и Тошо Велков Пепето Кавадарци, како и амбулантата во село Возарци. Средствата се во висина од 2.726.585 со вклучен ДДВ.

10. Изградба на капелата на муслиманските гробишта во Кавадарци.Изградбата и опремувањето на капелата чинеше три милиони денари.



11. Реконструкција на ул. Зелен Пазар на потег од тунелчето и од спој со ул. ,,Цано Поп Ристов". Претходно извадени гранитни коцки и комплетна реконструкција на фекална канализација по цела должина на улицата од страна на ЈП Комуналец, каде што се поставија нови ивичњаци, а потоа и асфалтирање на површина од 750 м2. Целосна инвестиција на Општина Кавадарци од 1.400.000 денари .

12. Во функција е пуштена петата минихидроцентрала на системот Лукар. Оваа, како и претходните 4 минихидроцентрали нема да има никакво влијание врз процесот на водоснабдување и врз квалитетот на водата за пиење. Производството односно инсталираната моќност на оваа хидроцентрала е 152,3 киловати на час, а истото ќе биде променливо во зависност од месечната потрошувачка на вода. Целосната инвестиција, градежниот дел и опремата изнесува околу 23.000.000 денари.

13. Вкупно на 18 локации, се поставија мерни станици со што се најави почетокот на регионалниот проект ,,Инсталирање на мерни станици за СМАРТ ЗЕМЈОДЕЛСТВО за општините Кавадарци, Росоман, Неготино и Демир Капија”.



Со поставувањето на овие мерни станици се овозможува електронски мониторинг на атмосферските влијанија врз земјоделско обработливите површини на територијата на Општина Кавадарци, односно на лозово – овоштарските насади. Мерните станици ќе даваат важни информации за:

-влажност на воздухот

-сончеви денови во годината

-количество на врнежи

-степенот на температурни осцилации, како и ред други податоци кои што ќе се акумулираат електронски со посебен софтвер со што значително ќе може да се допринесе кон намален трошок за третирање на самите лозови насади со пестициди, а во исто време и зголемен принос со значително зајакнет квалитет на производите. Вкупната вредност на регионалниот проект изнесува 10.000.000 денари со вклучен ДДВ. Средствата во износ од 9.000.000 денари се обезбедени од Биро за регинален развој преку Вардарско плански регион, а останатите 1.000.000 се обезбедени од општините Кавадарци, Росоман,Неготино и Демир Капија. Општина Кавадарци учествува со свои сопствени средства од 450.000 денари.Со овој проект кој е од големо значење за Тиквешијата, земјоделците ќе добијат можност за квалитетна и економски исплатлива заштита на земјоделските култури, ќе се користат помалку препарати, а ефектот ќе биде многу поголем.

14. Заедно со градоначалниците на Општините Неготино, Росоман и Демир Капија како и претставници од Националната мрежа против насилство врз жените и здружение за родова еднаквост ,,Визија” Кавадарци се отвори советувалиштниот центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство.

Ова е прв регионален советувалиштен центар поддржан од општина, во случајот поддржан од 4 општини.Главна цел на овој центар е да се подобри пристапот до специјализираниот сервис за жени и деца жртви. Советувалиштето се наоѓа на локација лесно достапна за лица со физичка попреченост и ќе го користат жени и деца жртви на семејно насилство од Кавадарци, Неготино, Демир Капија и Росоман.



15.Проект вреден 2,2 милиони евра, грант од германската КФВ банка, веќе некој период се реализира во Кавадарци. На повеќе улици се врши реконструкција на атмосферската канализација, но и одвојување на фекалната од атмосферската. Улиците, 7-ми Септември, Вардарска, Шишка, Западен Булевар добија целосна реконструкција во склоп на договорот од КФВ Банка со ЈП Комуналец и Општина Кавадарци.



16. Општина Кавадарци е меѓу првите која го реализираше проектот ,,Поставување на фотонапонски панели на 10 Јавни општински објекти со вкупна инсталирана моќ од 19,2 киловати на час".Објекти на кои се поставија фотонапонски панели се Општинската зграда, Спортскиот центар Јасмин, три Средни општински училишта и





пет Основни општински училишта.Општата цел на проектот е искористувањето на сончевата енергија и намалување на емисијата на штетни гасови и загадувањето на животната средина. Во Кавадарци за прв па се реализираше ваков иновативен проект со кој ќе се придонесе за заштита на животната средина, подобрување на квалитетот на животот на граѓаните бидејќи овие фотонапонски системи работат на користење на обновливи извори на енергија. Проектните активности ќе доведат до големи заштеди во буџетите на училиштата со што во голема мера ќе придонесе за реализација на идни проекти.



17. Согласно Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта помеѓу Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој – Светка Банка, а Општина Кавадарци го доби како



грант, реконструирани целосно се улиците Дисанска, Западен Булевар, Браќа Џунови, Пионерска и Илинденска, а ќе се отпочне и со Булевар Вељко Влаховиќ, Димката Ангелов Габерот, Максим Горки и Слога. Инвестиција вредна 1.500.000 денари.

18. Од Буџетот на Општината веќе се градат 3 улици кои ќе се завршат до 2023, и тоа новопробиени, улиците Лазо

Асијата,Западен Вулевар (коњски дупки) втора фаза и 25- Мај спој со ул. Ѓуро Ѓаковиќ. Со пробивање на Лазо Асијата се отвара нова сообраќајница со која значително ќе се олесни движењето на сите возила и сообраќајниот метеж на ул. Методија Цунов Циков. Со пробивање на Западен булевар (коњски дупки) минатата година се одвиваше првата фаза, сега втората, ќе се овозможи проширување на градот на запад-југ.25 Мај паралелна улица на ул.Шишка каде што ќе се растерети сообраќајот за сите оние кои живеат во тој дел од градот.





19. Грант од ТАВ програмата, проект кој опфаќа комплетна нова водоводна линија во населбата Брушани, со инвестиција од 26.000.000 денари, и реконструкција на локалниот пат до село Дреново со инвестиција од 25.000.000 денари. Тоа значи дека по завршувањето на проектот за главната водоводна линија во населба Брушани во должина од 4,755 метри примарна мрежа и секундарна мрежа во должина од 10,627 метри преку ТАВ како Грант за Општината, се пристапува кон приклучоци за сите викенд куќи од населба Брушани. Двете фази од проектот се реализирани, а третата фаза ќе биде инвестиција на Општината и со тоа комплетно цела населба Брушани ќе биде покриена со водоводна линија.

20. Оваа година се работи и на подобрување односно реконструкција на патната инфраструктура во околните села во Кавадарци и тоа: Во Бохула, Ресава, Голеш, Куманичево, Фариш, Раец, Крњево....





1.Поради безбедноста на движењето на пешаците во сообраќајот и регулирање на непрописно паркирање поставени се околу 50 метални столбови на неколку пешачки патеки и тротоари.

2.Поплочување на паркинг за згради на ул. Цветан Димов, согласно договорот за поплочување на Урбаната заедница Љубаш. Истото се вршеше со бехатон плочки на површина од 550 м2.

3.Поплочување на крак со површина од 130 м2 на ул. Орце Николов.

4.Изградба на фекална и атмосферска канализација, како и водоводна мрежа на ул.Ѓорѓи Соколов во должина од 500 метри.

5.Партерно уредување на паркинзи околу зградите на ул. Вељко Влаховиќ и Булевар Македонија. Ангажираната оператива за интервенции на јавното улично осветлување работеше на поставување на последната фаза од ново улично осветлување.

6.Завршена е фекална и атмосферска канализација, како и водоводна линија во месноста Опитно поле, односно на ул Ѓорѓи Соколов. Ова е целосна инвестиција на Општина Кавадарци, во висина од 2.400.000 денари, а изведувач е Ќану компани од Скопје.

7.Подигање и уредување на нова зелена површина на булевар ,,Моша Пијаде" од над 500 метри.

8. Подигање на нова зелена површина околу зградите на бул.,,Никола Минчев" и бул.,,Вељко Влаховиќ". На повеќе локации во градот имаше садење на пролетно цвеќе, ниско стеблести растенија - грмушки.

9. Уредување на стари и нови површини на зеленило во новиот центар.

10. Поставување на легнати полицајци и обележување на хоризонтална и вертикална сигнализација на неколку локации во градот.

11. Реконструкцијата на оштетениот дел од асфалтот на „Северен булевар“ во Кавадарци беше на трошок на компанијата „Градба Промет“ која го изведуваше овој проект, а оштетувањата на асфалтот се причинети од тешките товарни возила кои поминуваат на овој дел, особено во текот на летните месеци, кога температурите се и над 40 степени.

12. Реконструкција на детското игралиште на Булевар Никола Минчев (кај фонтана на Виното) на кое ќе се поставаат нови детски реквизити, ќе се репарираат постоечките, ќе се постави гумена подлога, ќе се озелени и постави нова урбана опрема.




*Метални столбови на пешачки патеки и тротоари*



*Поплочување на паркинг наул. Цветан Димов*



*Поставување на легнати полицајци*



*Подигање на нова зелена површина на бул. Моша Пијаде*

# Реон 2 - Дел од реализирани проекти

1.Поплочување на партер пред влезови од 300м2 на зграда на улицата ,,Илинденска" согласно договорот за поплочување со МЗ Љубаш.

2.Реконструкција на теренот на Спортски центар Јасмин која опфаќа поставување на комплетно нов систем за наводнување, дренажа , преработка на земјиштето со песок и хумус и целосна замена на тревата. Иста реконструкција се прави и на игралиштата во селата Марена, Ваташа, Дреново и населба Глишиќ.

3. Подигање на зелена површина на црквата ,,Св. Димитрија"

4. Атмосферска канализација на Западен Булевар, втора од улиците на кои се врши реконструкција на атмосферската канализација, но и одвојување на фекалната од атмосферската. Ова е во склоп на проектот вреден 2,2 милиони евра, грант од германската КФВ Банка.

5. Реконструкцијата на ул.,,Западен булевар" која е во рамките на ,,Проектот за поврзување на локални патишта" средства доделени преку заем од Светска банка, со цел подобрување на локалната патна инфраструктура. Истата е со должина од 609 метри, во која се опфатени двете коловозни ленти со ширина од по 6.0 метри.

6.Реконструкција на водоводната линија, како и атмосферската и фекална канализација на ул. ,,Мито Хаџивасилев Јасмин".

7. Асфалтирање на ул.,,Индустриска” со нов слој асфалт бетон АВ 11 на површина од 3600 м2.

8. Павер Трејд на повеќе локации во градот вршеше реконструкција на над 100 дотраени шахти.



*Поплочување пред влезови на ул. Илинденска*

9. Поплочување на тротоари на ул. ,,Пелистерска".

10. ДУП населба Бел Камен

Асфалтирање на повеќе улици во населбата Бел камен, на површина од 3600м2 и во должина од 650 метри, со поплочување на тротоари и комплетно осветлување на сите улици. Вкупната вредност е во износ од 10.000.000 денари. Покрај ова, исто така се вршеше подигање на нови зелени површини како и хортикултурно уредување.



*Реконструкција на теренот - спортски центар Јасмин*



*Реконструкција на теренот - спортски центар Јасмин*




*Реконструкција на Западен булевар*



*Реконструкција на  ул. Индустриска*

1.Реконструкција на фасадите на станбените згради во Урбаните заедници Ќиро Крстев и Страшо Пинцур. Фарбани и санирани се оштетените делови на зградите на ул.”Ленинова” и ул.”Иво Андриќ”, на зградата на ул. “7 Септември” бр. 64, по што следуваат и останатите. А,веќе се продолжи со реконструкција на фасадите и на зградите на ул. “Блажо Алексов”.

2. Асфалтирање на ул. “Зелен пазар”, на површина од 1200 м2. Тоа значи дека за првпат куќите кои се лоцирани на таа улица, добија пристап со нивните возила, а сообраќајницата е двосмерна заради влез и излез на паркингот на пазарот. Со оваа сообраќајница постои и кружно движење на сообраќај со ул. “Цано Поп-Ристов”, ул. “Зелен пазар” и ул. “7-ми Септември”, со што движењето во градот нема да биде отежнато како што беше досега.

3. Поплочување на крак од ул. ,,Цано Поп-Ристов” откако претходно беше поставена фекална канализација и водоводна линија, од страна на ЈП Комуналец. Изведбата е согласно договорот за поплочување на месната заедница Кула.

4. Асфалтирање на ул. ,,Зелен пазар" на површина од 750м2.

5.Асфалтирањето на улицата ,,7-ми Септември” на која претходно беа комплетно реконструирани водоводната линија, атмосферската и фекалната канализација. Оваа реконструкција е во склоп на проектот од Германската КФВ банка во соработка со Општина Кавадарци и ЈП Комуналец.

6. Реконструкција на фекална канализација ф=200 во должина од Л =60м на ул. “Лазо Мицев” од страна на ЈП Комуналец, Кавадарци.

7.Поплочување на два крака од ул. ,,Лазо Мицев” откако претходно беше поставена фекална канализација од страна на ЈП Комуналец. Изведбата е согласно договорот за поплочување на Месната заедница Кула.

8. Почнувајќи од село Ваташа започна снимањето на цела подземна водоводна, канализациона и атмосферска инсталација. Самиот проект

беше изведен на територијата на целата општина со заеднички средства на Локалната самоправа и ЈП Комуналец Кавадарци.

9. ЈП Комуналец Кавадарци врши реконструкција на водоводна линија ф =63 и фекална канализација ф=250 во должина од 50 метри, на крак на ул. ,,Цано Поп-Ристов".

10. Новата улица ,,Зелен пазар" е комплетно осветлена со пет канделабри и пет рефлектори.



*Реконструкција на фасадите на стамбените зграи во УЗ Ќиро Крстев и УЗ Страшо Пинџур*



*Асфалтирање на ул. 7ми Септември*



*Асфалтирање на ул. Зелен Пазар*



*Поплочување на ул. Лазо Мицев*

## Реон 4 - Дел од реализирани проекти

1. Поплочување на улици во У.З Страшо Пинџур. Поплочување на крак од ул. “Дисанска” со површина од 400 метри квадратни.

2. Асфалтирање на ул. “Глигор Прличев”, односно спојување на два крака на кои ќе се стават и рабници. Истата е со површина од 500 м2 и должина од 100 метри.

3. Реконструкција и асфалтирање на ул. “Дисанска”, која е во рамките на Проектот за поврзување на локални патишта. Истата доби завршно асфалтирање во должина од 325м и проширување на коловозот во ширина од 8.5 метри.

4. Асфалтиран е дел од ул. “Глигор Прличев”, со должина од 110м и ширина 5 метри.

5. Поплочување на паркинг на ул. ,,Иво Андриќ" на местото на рушените лимени гаражи.

6. Асфалтирање на ул. ,,Вардарска" и ровот на дел од ул. ,,Шишка". На оваа улица претходно се постави атмосферска канализација. Овој проект е дел од грант доделен на општина Кавадарци од германската банка за развој КФВ.

7. Асфалтирање на ул. ,,Домовица” со површина од 3100 м2, каде дополнително ќе се постави и атмосферска канализација на потег од 200 м2.Истовремено ќе се изгради и улица ,,14” на површина од 1500 метри квадратни.

8. Проект вреден 2,2 милиони евра, грант од германската КФВ банка, се реализираше во Кавадарци. На повеќе улици веќе почна да се врши реконструкција на атмосферската канализација, но и одвојување на фекалната од атмосферската. Улиците каде што ќе се вршат прокопи по завршените активности ќе бидат вратени во првобитна состојба.

9. Во склоп на проектот преку кфв банка и ЈП Комуналец, е поставена атмосферска линија на втората делница на ул. ,,Вардарска" .

10. Поставена атмосферска линија на првата делница на ул. ,,Вардарска”.

11. Реконструцијата на Градскиот парк „Љупчо Шкартов“. Извршено е поставување на системот за наводнување, посадени се различни видови на садници, цветни грмушки и цвеќиња, а во горниот дел на паркот изградено е одмаралиште со поглед кон самиот град.

12. По цели 35 години се рушеа неколку склонопадни објекти во некогашниот расадник на Тиквеш, со цел реализација на урбанистичкиот план и конечно граѓаните кои живеат на ул. “Домовица” да добијат пристап каков што заслужуваат. По рушењето следува изградба на две нови улици и поврзување на ул. “Смилица” со ул. “Домовица”.

13. Бетонирање на детско игралиште во населба Страшо Пинџур на површина од 470 м2. Врз бетонската подлога ќе се стави гумена подлога, на која ќе се постават детски реквизити, а на останатиот дел кој се поплочи со павер елементи, на површина од 208 м2, ќе се постават елементи на урбана опрема, односно клупи за седење.



*Реконструкција на градскиот парк Љлупчо Шкартов*



*Реконструкција и асфалтирање на ул. Дисанска*



*Асфалтирање на ул. Вардарска*



*Асфалтирање на ул. Домовица*

1. Поплочување на патеки на новиот дел од градските гробишта со сопствени средства на ЈП Комуналец. Поплочени се 250 m2.

2. Поплочување и проширување на тротоар од лева и десна страна на ул. „Дешка Тошева", на површина од 200м2.

3. Поставување на нова урбана опрема на улиците „Илинденска", „Шишка", „Ресавска" и „Мито Хаџи Василев Јасмин". Корпи и клупи се поставени и на сите Детски игралишта, на Парк поланата, на Паркот на револуцијата и на пешачката патека до излетничкото место 12 Ваташки деца. Поставени се вкупно 84 корпи и 127 клупи.

4. Реконструкција на водоводната линија, како и атмосферската и фекална канализација на ул. „Мито Хаџивасилев Јасмин".

5. Поставување на нови и замена на стари столбчиња на повеќе улици во централното градско подрачје.

6.Крпење на 2.300м2 ударни друпки на улиците и локалните патишта во Општина Кавадарци.

7. Реконструкција на фекална канализација во должина од 100м на ул. ,,Диме Атанасов". Со ова е решен долгогодишниот проблем со канализацијата на граѓаните кои живеат овде.

8. Обележување на паркинг простор на ул. ,,Ресавска" пред новата детска градинка Сонце.



*Поплочување на патеки на градските гробишта*



*Реконструкција на фекална канализација на ул. Диме Атанасов*




*Поставување на нови столбчиња*

1. Поплочување на крак од 140 квадрати од ул. ,,Браќа Хаџи Тефови" откако претходно беше извршена експропријација и уривање на склонопаден објект за да се овозможи пристап до куќите на 5 семејства.

2. Екипа од ЈП „Комуналец" ОЕ „Паркови и зеленило" работеше на хортикултурно уредување на зелени површини во градот. Според планот со есенска акција беа засадени 3800 корени на пролетни љубичици. Есенското хортикултурно уредување опфати садење на цвеќе и на останатите зелени површини, на плоштадот, на кружните текови, во Градскиот парк, како и на новите зелени површини. Овој вид на љубичици е издржлив и отпорен на ниски температури.

3. Реконструкција на ул. "Браќа Џунови" во должина од 572 метри и ширина од 9 метри. Во наредните фази ќе се реконструираат и ул."Пионерска" и ул."Илинденска".

4. Реконструирана фасадата на зградите на ул. "7ми Септември" бр.70 и 72.

5. Поставена е урбана опрема - клупи, на повеќе локации низ градот. Се монтираа 96 клупи.

6. На 10 локации во градот се поставени 14 јавни тоалети во кои редовно ќе се одржува хигиената, но и на кои се истакнати едукативни пораки за граѓаните, со цел заедно да придонесеме за јавната хигиена и чистота во градот. Поставени се 2 јавни тоалети на Градскиот плоштад, 2 јавни тоалети на Спортскиот центар Јасмин, 2 на црквата ,,Света Петка" 2 јавни тоалети на Градски Парк ,,Љупчо Шкартов", 1 тоалет на ул. ,,Илинденска" стар кружен тек, 1 на ул. ,,7ми септември", 1 пред ул, ,,Киро Крстев", 1 на Парк полана, 1 на ул. ,,Димката Ангелов Габерот" и 1 јавен тоалет на ул. ,,Страшо Пинџур" во с.Ваташа.

7. Поставување на урбана опрема – корпи за отпадоци по

должината на кејот на реката Луда Мара. Од вкупно 84, се поставија 34, а останатите ќе бидат искористени за детските игралишта кои се градат овој период.



*Поплочување на крак од ул. Браќа Хаџи Тефови*



*Поставување на нова урбана опрема*




*Поставени нови јавни тоалети*



*Реконструкција на ул. Браќа Цунови*



1. Поплочување на тротоар на ул. "Крсте Мисирков", согласно Договорот за поплочување во урбаната заедница Киро Крстев.

2. Мој општинар во согласност со Градски музеј Кавадарци, направија реставрација на спомениците ,,Киро Крстев" и ,,Димче Мирчев".

3. Предадена за користење капелата на муслиманските гробишта во Кавадарци. Градоначалникот Митко Јанчев заедно со поглаварот на ИВЗ Фетаху го ставија објектот во функција.

4. Поплочување на крак од ул. ,,16-ти јуни" на површина од 350м2 од програма на комунална изградба за 2022 година, по претходна реконструкција на водовод и канализација од страна на ЈП Комуналец.

5. Пробивање, асфалтирање и комплетно ново осветлување на ул. ,,Лазо Асијата" од муслиманските гробишта до спој со ул.,,Клинска" во должина од 900м и површина од 4800м2. Целосна инвестиција на Општина Кавадарци во износ од 22.000.000 денари како дел од програмата за комунална изградба за 2022 година.

6. Асфалтирање на ул. ,,Ристо Миов" откако претходно имаше трасирање, поставување на водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација и комплетно осветлување. Асфалтирањето ќе биде во два слоја на површина од 2600м2.

7. На ул. Клинска се започна со реализацијата по Договорот за доградба на потпорен ѕид (заштита на инфраструктурни линии).

8. Поплочување на едниот од двата крака на ул. Клинска, по што следува поплочување и на останатите улици предвидени во овој договор.

9. Уредување на парк со гумена подлога и оградување, на која ќе бидат поставени репарирани и нови детски реквизити, на површина од 100 м2 на улицата Калница.

10. Бетонирање на детско игралиште во населба Крсте Мисирков (кај завод за вработување) на површина од 160 м2, со гумена подлога на која ќе се поставаат нови и репарирани детски реквизити.

11. Чистење на депонија во близина на локалитет Калница




*Реставрација на споменик Киро Крстев и Димче Мирчев*



*Асфалтирање на ул. Ристо Миов*



*Уредување на нов детски парк*



*Чистење на депонија во близина на ул Клинска*

1.Асфалтирањето на ул. “Наца Пинџурова”. Вкупната површина е 440 м2.

2.Асфалтирање на последниот дел од ул. “Пиринска”, со што целата улица доби комплетно нов лик. Вкупната површина е 800 m2.

3. Целосно е завршена и асфалтирана последната, од многуте улици во Урбаната заедница Задругар. Истата е со површина од 800м2.

4. Поплочување на ул. ,,Пешо Самарџиев” (крак од ул. ,,Црноречка”) откако претходно беше поставена фекална канализација од ЈП Комуналец.

5. Исчистена дива депонија на ,,Кавадаречки дол"

6. На ул. ,,41 Дивизија” и дел од ,,Црноречка” се реконструираат водоводната линија во должина од 173м и фекалната канализација во должина од 326 метри, по што ќе следува поставување на нови приклучоци и враќање на улицата во првобитна состојба со асфалтирање.Инвестиција на ЈП Комуналец и Општина Кавадарци.



*Чистење на депонија Кавдаречки дол*



*Асфалтирање на ул. Наца Пинџурова*



*Асфалтирање на дел од ул. Пиринска*



*Нова водоводна линија на ул. 41 Дивизија и дел од ул. Црноречка*

1.Тампонирање на крак на ул.Праведничка и поплочување со бехатон коцки со површина од 300 м2.

2.Поплочување на тротоари на ул. ,,Праведничка".

3. Реконструкцијата на фасади на станбените згради, односно фарбање на истите и санација на оштетените делови и тоа на ул. Страшо Пинџур бр 63 во Урбаната заедница Слога, а ќе се започне и реконструкција на зградите на ул.Беласица 1,3,5 и 7.

4. Асфалтирање на ул. Јованче Велков, согласно договорот за асфалтирање на повеќето улици, кој вкупно изнесува 3.643.974 денари плус ДДВ. Истата е широка 5.5. метри, а долга 180 метри.

5. Асфалтирање на делови од ул.Февруарски поход и Јованче Велков, согласно договорот за асфалтирање на повеќето улици.

6. Поплочување на пешачка патека на ул.14 Мај спој со ул. Неретва, согласно договорот со урбаната заедница Слога.

7. Градежни активности на кракот од улица 16ти Јуни. Сменета е комплетно водоводната цевка и е затрупана. Се работеше активно на приклучоците.

8. Втора фаза од реконструкцијата на западен булевар (коњски дупки). Новопробиениот пат ќе го спои западен булевар од кавадаречки до желков дол во должина од 600 метри, коловоз од 3,5 метри за секоја коловозна лента и 1,5 метар тротоар. Вкупната асфалтирана површина ќе изнесува 4700 м2, поплочување од 1900 м2 и осветлување. Да потсетиме дека претходно беше поставена водоводна, фекална и атмосферска канализација.

9. На нововопробиениот пат кој го спојува Западен Булевар од Кавадаречки до Желков дол во должина од 600 метри, се поставија ивичњаци и се изработија шахти на коловозот од 3,5 метри за секоја коловозна лента каде претходно беше поставена водоводна, фекална и атмосферска канализација.

10. Поставено е ново улично осветлување на паркинг на зградите Силекс, патеката и паркингот на градските гробишта и улица ,,Јованче Велков”.

11. Подземно снимање и вадење на коцки на улицата ,,Фуштани" по што следеше поставување на  нова канализација.

12. Реконструкција на фекална канализација на улиците: ,,Фуштани" „Ѓуро Ѓаковиќ“ „Крсте Мисирков“ „7ми Септември“ и во село Раец.



*Поплочување на тротоари на ул. Праведничка*



*Тампонирање на крак на ул Праведничка*



*Ново улично осветлување на паркинг на зфрадите Силекс*



*Реконструкција на фекална канализација на ул. Фуштани*

1. Асфалтирање на ул. Моклишка. Се асфалтира површина од 680 метри квадратни и должина од 120 метри.

2. Асфалтирање на ул.Моклишка со површина од 660 м/2, која беше во склоп на договор за асфалтирање со други улици.

3. Поврзувањето на водоводната линија од средна и ниска зона, и изградба на петтата централа за производство на електрична енергија кај старите резервоари над селото Ваташа, инвестиција на ЈПКомуналец, која се очекува за краток период не само да ги врати вложените инвестиции, туку со самото производство на електрична енергија да ја подобри и состојбата на услугите кон граѓаните.

4. Општина Кавадарци започна со изградбата на детски игралишта на две локации, дел од договорот кој опфаќа изградба на 25 игралишта на повеќе места во градот. Бетонирани се две игралишта во месноста Моклиште и во село Ваташа. Во Моклиште е поставена подна гумена подлога и се поставени нови детски реквизити, а во село Ваташа еден дел е со гумена подлога со детски реквизити, а другиот со вештачка трева.

5.Поставено е, и веќе во функција ново улично осветлување на три улици низ градот и тоа ,,Глигор Хаџи Јорданов" ,,Ѓорѓи Рускоски" и дел од ,,Петре Тодоров”.



*Асфалтирање на ул. Моклишка*



*Асфалтирање на ул. Моклишка*



*Детско игралиште во месноста Моклиште*



С.Сопот

-Соблекувалните во селата Марена и Сопот. Соблекувална по сите стандарди, првпат во овие две села. Подобрување на условите на сите спортисти за тренинг и натпревари.Две простории, за домашни и гости, со санитарни чворови, кујна и просторија за делегати и судии. Вкупната вредност за реализација на проектот изнесува 3.400.000,00 денари.

-Реконструкцијата на О.О.У „Димката Ангелов Габерот Кавадарци" подрачно училиште во село Сопот. Се извршија градежни активности кои опфатија целосно реновирање на училиштето, поставување на нов под во сите училници, нови врати, реконструкција на ѕидови, плафони и ходници. Комплетно е променета цела електрична инсталација и поставено е ново енергетско ефикасно осветлување, нови тоалети и тоалети за лица со посебни потреби. Направена е целосна реконструкција на подрумските простории на училиштето. Со ова учениците во село Сопот добија современо, енергетски ефикасно училиште во кое се остварува воспитно образовен процес согласно најсовремените стандарди. Претходно се направи и реконструкција на училишниот двор, а проектот за спортска сала со одобрението се готови и со новиот буџет ќе се започне со изградба на нова спортска сала во село Сопот, за сите ученици и спортисти.

-Исчистени депонии во село Сопот.





Населба Глишиќ

-Пробиена ул. "Благој Дафков" покрај училиштето во Глишиќ и

поврзување на улиците ,,Младост" и ,,Ѓуро Ѓаковиќ". Конечно граѓаните од овој дел ќе добијат улица која е паралелна на ул. "Шишка" и ќе можат да си ги извршуваат обврските без да треба да се приклучуваат на истата.

-Реконструкција на фудбалското игралиште во населба Глишиќ, подготвено со речен камен за дренажа и нов систем за наводнување.

-Завршено е и детското игралиште во населба Глишиќ. Овде беа поставени гумена подлога, нови дрвени детски играчки и се репарираа веќе постоечките. Со овој проект беше опфатено и кошаркарското игралиште на кое се монтираа нови дрвени табли со обрач и мрежа. Двете игралишта се оградени со метална ограда и фарбани, со исполна од биговано и минимизирано плетиво. Изведувач е фирмата Метал Апостолов, а проектот е со финансиска вредност од 1.012.942,00 денари.







- Поплочување на тротоари на ул. Сава Ковачевиќ во населба Глишиќ, од регионалниот пат до црквата, во склоп на договорот кој опфаќа поплочување на повеќе улици.

С. Чемерско
-Поплочување на улици во с.Чемерско. Се врши поплочување со површина од 375 метри квадратни.

С. Ресава
-Во село Ресава се поплочија пет пристапни улици, со вкупна површина од 900 м2. Изведувач на работите е фирмата Портланд од Струмица.





-Порамнување и тампонирање на пат до ,,Ресавски залив" во склоп на Договорот запоплочување на улици во село Ресава. Изведувач е фирмата Портланд од Струмица.

-Обележување на локалниот пат од с.Ресава до с. Бегниште во должина од 3,5 километри.





С.Бегниште
-По иницијатива на месната заедница Бегниште беше извршено тампонирање на патот, од селото до манастирот ,,Св. Атанасиј" каде беа донесени и приближно 100 м2 бехатон коцки за дворот на манастирот. Сето ова е овозможено благодарение на донациите од општествено одговорните компании во Кавадарци и тоа: Слога промет, Градба промет, Интер проект-дизајн и АС-машини. Жителите на бегниште изразија голема благодарност до ЈП Комуналец и градоначалникот Митко Јанчев од кои пак беше донирана механизацијата.
-Бетонирање на детско игралиште во село Бегниште на површина од 100 м2, со специјална гумена подлога на која ќе бидат поставени нови детски реквизити и урбана опрема (клупи и корпи) Изведувач е Бетон Груп.

С.Раец
-Саниран е патот од село Раец до село Ќесендре
-Реконструкција на фекална канализација во село Раец, во должина од 100метри и дијаметар Ф250.

С.Дреново
-Исчистени диви депонии





-Реконструкција на патот за село Дреново, од клучката до селото, во должина од 3 км и ширина од 5 метри. Средствата се обезбедени од ТАВ Програмата, а подизведувач е Градба Промет.
-Променети прозорите во О.О.У ,,Страшо Пинџур".

С.Возарци



-Комплетна реконструкција на О.О.У „Страшо Пинцур” во с. Возарци. Истата опфаќаше градежни зафати кои се однесуваа на изградба на комплетно нов кров, реконструкција на фасада и градежно занаетчиски работи во внатрешноста на училиштето кои опфаќаа санација на под, плафон и ѕидови. Наместени се и клупи, столчиња, табли, шкафчиња и се што ќе им биде потребно на учениците. Со ова значително ќе се подобрат условите за работа и одвивање на квалитетна настава. Самиот објект доби нов лик, а учениците добија современо училиште во кое од оваа учебна година ќе се остварува воспитно образовниот процес согласно најсовремените стандарди.Целосната инвестиција е околу 9.000.000,00 денари.



-Санација на полските патишта во атарот на село Возарци. Како во изминатиот така и во претстојниот период Општина Кавадарци ќе продолжи со санирање на полските патишта во околните места

-Променети прозорите во О.О.У „Страшо Пинцур”

-Чистење на дива депонија во село Возарци.

-Завршен е проектот „Реконструкција и поврзување на постоечка фекална канализација во село Возарци – Фекален колектор“

С.Марена

-Соблекувалните во селата Марена и Сопот. Соблекувална по сите стандарди, првпат во овие две села. Подобрување на условите на сите спортисти за тренинг и натпревари.Две простории, за домашни и гости, со санитарни чворови, кујна и просторија за делегати и судии. Вкупната вредност за реализација на проектот изнесува 3.400.000,00 денари.



-Асфалтирање на површина од 1700м2, и поплочување на површина од 1500м2.

-Во црквата во село Марена од страна на екипата на Мој општинар од Општина Кавадарци, во соработка со ЈП Комуналец и Кожувчанка, на површина од 200 м 2 се изврши чистење и тампонирање со дробен асфалт, по тоа ископ за водоводна линија од 170 метри и на крајот поплочување со бехатон плочки.



-Чистење на локални улици во селото.

-Крпење на ударни дупки и нов легнат полицаец во село Марена.

-Поплочување на уште неколку улици со должина од 1500 м2 во село Марена.



С.Фариш

-Се подобрува патната инфраструктура во руралните средини. Патот до с.Фариш во должина од околу 350 метри односно 1300 м2 е комплетно асфалтиран.

-Бетонирање и поплочување на дел од улиците во село Фариш. Изведувач е фирмата ВЕ Група Скопје, а инвестицијата чини 1.700.000,00 денари.



Останатите села

-Целосно е завршен патот од Браната ХЕЦ Тиквеш до населба Голеш и с.Шешково, кој е комплетно тампониран во должина од 8 километри.

-Работа на темели за новата црква во село Гарниково и пробивање на пристапен пат до истата.

-Одводнување на пристапен пат до селото Гарниково со дренажа на постоечки чешми, по што во иднина ќе се продолжи со работа на прочистување на истиот кој води до локацијата на старата црква, со цел да се отпочне изградба на нова црква.

-Тампонирање и нивелирање на патот кон село Куманичево, со што и се оформуваат земјени канавки и банкини. Изведувач е фирмата Портланд од Струмица.



-Прва фаза од реализацијата на Договорот за реконструкција на локалниот пат во село Бохула со должина од 450 метри.

-Со донација од фирмата Ја-Ми, со еден скип и три камиони се вршеше тампонирање на патот од населбата Брушани до Голеш во должина од 500 метри, откако претходно со инвестиција од општината беше тампониран патот од хидроцентралата до Голеш. Два потега со кои се средиле пристапните патишта до населбата Голеш.

-Средување на патот до Манастирот Св. ,,Архангел Михаил" во село Крњево.

-Изградба на потпорен ѕид во село Горна Бошава, кој ќе придонесе за поголема безбедност на возилата и ќе го заштити постоечкиот пат од одрони. Инвестицијата чини 700.000,00 денари.



-Реализирање на проектот за водоснабдување на село Брушани, Брушански Залив и целокупната викенд населба. Се реализираат околу 600 нови приклучоци на водоводниот систем Лукар. Проектот чини 700.000,00 евра, а ќе се реализира во три фази. После 20 години за прв пат општината реализира ваков поголем проект за водоснабдување надвор од градот.

-Промена на регулационен и главен вентил во село Конопиште.

Набавка на ново комбинирано моторно возило со вкупна вредност од 1.900.000 денари.

Водовод и канализација
-Реконструкција на водоводна линија, дијаметар Ф63, Л 90 метри на ул.7-ми Септември.
-Лукар изворите – река Жарница и Стара река, изработка на мостови со бетонски крилни ѕидови и монтажна челична конструкција 2 броја.
-Санирање на филтерни постројки наизворите Лукар,Стара Река.
-Санирање на цела патека од филтрите до тиролски зафат Стара река.
-Изработка на сливни решетки на ул.Димче Мирчев, М.Ц.Џикот, Зелен пазар, кај пекарата Жито Југ.
-Тековно чистење на решетки и сливници низ градот.
-Изработка на индивидуални приклучоци за населба Брушани.
-Затварање на премин за возила и изработка на жардињера на Западен Булевар.
-Изработка на жардињера на Вељко Влаховиќ, Булевар Македонија.
-Приклучок за игралиште на Спортски центар Јасмин, комплет со шахта и затварање на постоечка водоводна линија, Л 40 метри дијаметар Ф110.

Реконструкција на водоводна и фекална канализациона линија на улица ,,41 Дивизија" и дел од ,,Црноречка" Л 170 метри и фекалната канализација Л 310 метри.
-Реконструкција на фекална канализациона линија во село Раец Л 140 метри и дијаметар Ф315.
-Реконструкција на фекална канализациона линија улица Зелен пазар, со дијаметар Ф315 и Л 150метри.
-Реконструкција на фекална канализациона мрежа улица Вељко Влаховиќ, со дијаметар Ф315 и Л 140метри.
-Реконструкција на фекална канализациона линија улица Фуштани, со дијаметар Ф250 и Л 206метри.
-Реконструкција на фекална канализациона линија улица Блажо

Алексов крак со дијаметар Ф250 и Л 54.
-Реконструкција на фекална канализациона линија во село Конопиште Л 48 метри и дијаметар Ф315.
-Реконструкција на фекална канализациона линија улица Ѓорѓи Соколов со дијаметар Ф315 и Л=210.
-Реконструкција на атмосферска канализациона линија село Сопот, со дијаметар Ф400 и Л 24 метри, се комплет со изработка на сливна решетка.
-Снимање на подземна инсталација и воведување во ГИС систем.
-Имплементирање на проект, централен модул за односи со корисници и модул за работни налози.

Хортикултура
Оддржување на Паркови, плоштади,дрвореди.
Нови зелени површини кои ги подигна одделението Хортикултура од 1.11.2021 се 5850 м2 и с е врши припрема на терен за подигање на нови зелени површини со систем за наводнување од 4 100 м2.
Покрај редовните активности беше извршено кастрење и сечење од корен на стари и гнили садници од дрвореди и кастрење на локални и селкси патишта. Се изврши садење на 219 декоративни грмушки и 178 декоративни садници на следниве локации, и посадување 27 дрва.
Се изврши посадување на 6 000 цвеќиња на следниве локации: градски парк, парк МВР, Бул.Никола Минчев, Бул.Моша Пијаде, Бул.Кочо Рацин, Бул.Блажо Алексов.
Чистење на повеќе диви депонии во Дреново, Ресава, Ваташа, Глишиќ, Сопот, Марена и многу други.





Врз основа на програмата за работа на Градоначалникот на Општина Кавадарци Г- дин Митко Јанчев за периодот 2021-2025 година во делот на образование период од една година се реализирани проекти со постигнати значајни резултати во поглед на нејзино остварување. Имено, покрај високиот процент на оствареност на активностите годината ( 2021 -2022) се реализирани и дополнителни активности кои биле планирани за реализација на подолг врменски период, а имало можност за нивна предвремена реализација.Подобрувањето на материјално техничките услови во основните и средни училишта резултира со зголемен број на запишување ученици во прва година во трите средни училишта. Покрај реализација на капитални инвестиции за нормално функционирање на воспитно образовниот процес со набавка на опрема, нагледни, наставни средства во училиштата кои имаа недостиг, реализирани се и поголеми капитални инвестиции во реконструкции и санации. Истите беа потребни за постигнување на општествено корисни цели како и заштеда на финансиски средства во иднина .

Во основно образование позначајни капитални проекти се реализирани со вкупен износ од 36.876.000 денари и тоа во :

1. О.О.У Димката А. Габерот Кавадарци има реализација, односно поставување на водоводна мрежа од 1 052 000,00. Од особено голема важност е проектот кој опфаќа поставување на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќ од 19,2 киловати на час". Општата цел на овој проект е искористувањето на сончевата енергија и намалување на емисијата на штетни гасови и загадувањето на животната средина.

2. О.О.У Гоце Делчев Кавадарци има реализација на активности од 1 220 000,00 денари кои опфаќаат адаптација на една училница, на простор за технички персонал, под на една училница, реконструкција на тоалет во спортската всала, партерно уредување на двор, реконструкција на биста на патронот на Гоце Делчев. Изградба на летниковец во училишниот двор, набавка на 3 смарт табли и училишна клупа за адаптација на училницата. Од особено голема важност е проектот кој опфаќа поставување на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќ од 19,2 киловати на час". Општата цел на овој проект е искористувањето на

сончевата енергија и намалување на емисијата на штетни гасови и загадувањето на животната средина.

3. О.О.У Тоде Х. Тефов Кавадарци има реализација на активности од 1 743 000,00 денари за реконструкција на машки и женски тоалети на прв спрат, изградба на кабинет по хемија во подрумска просторија, и 80 таблети. Од особено голема важност е проектот кој опфаќа поставување на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќ од 19,2 киловати на час". Општата цел на овој проект е искористувањето на сончевата енергија и намалување на емисијата на штетни гасови и загадувањето на животната средина.

4.ООУ Тошо В. Пепето Кавадарци има реализација на активности од 1 550 000,00 денари за реконструкција и промена на подови во дел од училниците. Од особено голема важност е проектот кој опфаќа поставување на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќ од 19,2 киловати на час". Општата цел на овој проект е искористувањето на сончевата енергија и намалување на емисијата на штетни гасови и загадувањето на животната средина.

5.О.О.У Димката А. Габерот с. Ваташа О. Кавадарци има реализација на активности од 22 968 000, 00 денари за изградба на нова спортска сала, промена на ПВЦ прозори во училишната зграда, реконструкција на котлара и купување на 2 нови котли за промена на парно, од дрва на пелети, реконструкција на тоалетите, набавка на спортски реквизити за новата спортска сала,промена на подови во 5 училници, доградба на помошна просторија за складирање на пелети и набавка на опрема лаптоп компјутери и прожектори. Од особено голема важност е проектот кој опфаќа поставување на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќ од 19,2 киловати на час". Општата цел на овој проект е искористувањето на сончевата енергија и намалување на емисијата на штетни гасови и загадувањето на животната средина.

6. О.О.У Страшо Пинџур Кавадарци има реализација на активности од 8,343 000, 00 денари наменети за наставно образовни помагала, два принтери, пет лаптопи, 7 прожектори и 7 интерактиви табли,

реконструкција на фасада во ПОУ с. Дреново и набавка на котел за греење во спортската сала. Набавка на 7 интерактивни табли, 7 прожектори и комплет училишен мебел (катедри,клупи и столчиња), набавка на опрема (табли, столчиња,клупи, шкафчиња и смарт табли) за подрачните училишта во селата Возарци и Дреново. Громобранската инсталација на училиштето во село Возарци. Реконструкција на училишниот двор во претстојниот период во централното училиште, со поплочување и асфалтирање и летниковец за одмор на учениците.Од особено голема важност е проектот кој опфаќа поставување на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќ од 19,2 киловати на час". Општата цел на овој проект е искористувањето на сончевата енергија и намалување на емисијата на штетни гасови и загадувањето на животната средина.

Во средно образование позначајни капитални проекти се реализирани со вкупен износ од 7 617 000 денари и тоа во:

1.С.О.У Гимназија Добри Даскалов има реализација на активности од 3 157 000 денари наменети за монтажа на ролетни, набавка на компјутери и нова компјутерска опрема, училишен мебел за училиштето (столчиња и клупи) и реконструкција на 7 кабинети, бојадисување на цело училиште и промена на плафон, и промена на врати.Од особено голема важност е проектот кој опфаќа поставување на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќ од 19,2 киловати на час".Општата цел на овој проект е искористувањето на сончевата енергија и намалување на емисијата на штетни гасови и загадувањето на животната средина.
2.С.О.У Киро С. Брко Кавадарци има реализација на активности од 3 100 000 денари наменети за промена на под во училишната зграда, изградба на нов кабинет, реконструкција на двор, реконструкција на ограда на внатрешните скали во училиштето. Од особено голема важност е проектот кој опфаќа поставување на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќ од 19,2 киловати на час". Општата цел на овој проект е искористувањето на сончевата енергија и намалување на емисијата на штетни гасови и загадувањето на животната средина.

3. СОЗШУ Ѓорче Петров Кавадарци се реализирани вкупен износ на средства од 1 360 000 денари за поплочување на двор, потпорен ѕид и метална ограда и преградување на канцеларија со ПВЦ. Од особено голема важност е проектот кој опфаќа поставување на фотонапонски панели со вкупна инсталирана моќ од 19,2 киловати на час". Општата цел на овој проект е искористувањето на сончевата енергија и намалување на емисијата на штетни гасови и загадувањето на животната средина.





Театарска дејност
-Госпоѓица Јулија
-Не сега драга
-Детска театарска претстава ,,Приказна за волшебната шума”
-Како да (не) снимиш мрсен филм
-Покондирена тиква

Априлијада 2022
Кавадаречко културно лето
Меѓународна ликовна колонија ,,Михајлово – Кавадарци 2022 ‘’
И многубројни ликовни изложби на домашни и странски автори.
Кавадаречка културна есен 2022
-Од 14 октомври до 01 декември
- Кавадаречки фолклорни средби
-Меѓународен фолклорен фестивал 2022
Фолклорна дејност
-Годишен концерт на Фолклорен ансамбл Тиквеш.
-Учество на Меѓународен Фолклорен фестивал во Ерба Турција
И многубројни настапи на Фолклорниот ансамбл тиквеш на Фестивали и манифестации.

Реализирани активности и посети на Локален Музеј Галерија Кавадрци

-Изложби и настани од периодот Октомври 2021 година до Октомври 2022

Вкупно 15 изложби на ликовни уметници.

Реализирани настани во Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци

Вински Музеј од Октомври 2021 до Октомври 2022 има организирано и бил домаќин на повеќе од 25 настани и манифестации (ликовни изложби, промоции, дегустации , концерти, вински базар, и во рамките на оваа година Музејот го имаат посетено близу 4000 посетители од Македонија и од странство (Бугарија, Србија, Данска, Полска,Холандија, Словенија,Хрватска,Италија....).

ПОСЕТЕНОСТ НА МУЗЕЈСКИТЕ ПОСТАВКИ

Како резултат на многубројните активности кои Музеј-Галеријата ги има реализирано во тековната година односно периодот октомври 2021 година – октомври 2022 година, заедно со “Музејот на Традиционална храна и вино“ и спомен куќата на НХ “Страшо Пинџур“, бележиме задоволителна бројка од над 2.500 посетители (домашни и странски) од кои само постојаните поставки ги посетија повеќе од 900 посетители.

Реализирани проекти

Локален Музеј Галерија Кавадраци реализираше 5 (пет) проекти од Музејска дејност.

1. Изработка на нови фотографии во Спомен Куќата на НХ Страшо Пинџур во Ваташа.
2. Систематски археолошки истражувања на локалитетот “Циганска затока“ нас.Брушани.
3. Партерно уредување и осветлување на Лапидариум во ЛМГК.
4. Доопремување на депото за уметнички дела во ЛМГК.
5. Доопремување на галериски простор во ЛМГК.

Прослава по повод дочек на Нова година 2022 – Градски плоштад Кавадарци.



Оваа година за овој дочек од буџетот на Општина Кавадарци беа издвоени 1 675 259 денари. Еднонеделна музичка програма, многу активности и дочек за самата вечер со наш кавадаречки бенд. Градот беше украсен како никогаш досега! На плоштадот и низ улиците можеше да се види новогодишната декорација со нови украси, новогодишна елка и осветлување со кои се чувствуваше празничната атмосфера. Имавме и Божиќен пазар во украсени куќарки, каде кавадарчани можеа да навраќаат да се стоплат или освежат со некој пијалок, храна, но и да купат по некој новогодишен украс.

Прослава по повод големиот празник Св.Трифун 2022. Оваа година за овој празник од буџетот на Општина Кавадарци беа издвоени 1 072 188 денари.




Организацијата, за разлика од претходните години, беше на едно повисоко ниво. Голем број на посетители и исполнета програма во текот на целиот ден. Ова е голем празник за Општина Кавадарци кој секогаш заслужува пригодна прослава.

Тиквешки Гроздобер 2022 година "Уште една приказна под отворено небо" - Оваа година Тиквешкиот Гроздобер го достигна своето најдобро издание. Огромен број на посетители, над 60 000 посетеност и над 20 настани во текот на сите три дена. Од спортски настани, културни збиднувања до настап на музички артисти. Најважно од се, Карневалското дефиле со над 700 учесници. За оваа манифестација беа потрошени средства во износ од 5 500 000 денари од буџетот на Општина Кавадарци.









Во периодот од 15.10.2021 година до 31.12.2022 година се предвидени, поголемиот дел и реализирани финансиски средства во висина од 21 013 076 денари, за спортски клубови, општински и училишни сојузи, за манифестации и проекти.
После многу години ГФК Тиквеш 1930 е во прва фудбалска македонска лига, а ГРК Тиквеш 2014 е во супер машка ракометна лига.
-Поддршка за Купот на машка ракометна супер лига.
-Подготовки за женска кошаркарска репрезентација.
-Поддршка во организација на куп во женска одбојка.
- На светското првенство во кошарка за средни училишта кое се одржи во Белград екипата од гимназијата "Добри Даскалов" младите кавадарчанки го заседоа третото место во групната фаза.
-Реконструкција на фудбалско игралиште на Спортскиот центар Јасмин, спортски терени. Комплетно нов систем за наводнување, преработка на земјиштето со песок и хумус, и посејување на трева, како и хортикултурно уредување на комплексот.
-Реконструкција на фудбалско игралиште, спортски терени во населба Глишиќ. Комплетно нов систем за наводнување, преработка на земјиштето со песок и хумус, и посејување на трева.
-Бетонирање на нови детски игралишта на 12 локации во градот, селата и руралните средини. Веќе во тек се детските игралишта во Страшо Пинџур, Крсте Мисирков, Моклиште, Ваташа, Бегниште по што следуваат и на Вељко Влаховиќ, Кочо Рацин,Никола Минчев,Калница, Игман, Опитно Поле и Сопот. Бетонска подлога врз која ќе има заштитна гумена подлога, и ќе бидат постават детски реквизити, а на останатиот дел кој е поплочен со павер елементи, ќе се постават елементи на урбана опрема, односно клупи за седење.
-Нова Спортска сала при О.О.У Димката Ангелов Габерот Ваташа.
-Нова спортска сала при О.О.У Страшо Пинџур Кавадарци дел од Проектот за изградба и опремување на училишни спортски сали во соработка со Министерството за образование и наука.
-Соблекувални простории во селата Марена и Сопот.
-Бесплатна школа за пливање за деца на возраст од 7 до 10 години.
-Изградба на пам трак парк која е во тек и моторички парк.


ISF



Готови проекти за имплементација, кои опфаќаат:
Реконструкција на атлетска патека.
Спортски сали во Марена, Сопот и Возарци.
Проекти за изработка на велосипедско пешачка патека до Дрекслмајер и од Глишиќ до Марена.
За првпат во Кавадарци ќе има парк за миленици.
Одобрени средства за Дневен центар за деца со посебни потреби.
Во тек е дигиталниот систем за наводнување на зелените површини и таложниците на сливните подрачја во Општина Кавадарци за заштита од ерозија, тампонирање на периферијата во градот, воведување на оџачарска служба,зелен појас пред .
Изработка на ботаничка градина и зелени кровови и вертикални градини.
Во тек е пошумување на 1 милион садници.
Лабораторијата за испитување на почвата,завршена е студијата за причинители на загадување на воздухот, субвенционирање за замена на грејните тела од дрва на други алтернативни грејни тела на пелети,нафта и во блиска иднина гас.
Изградба на стационар.
Поставување на оптичка мрежа во централното градско подрачје, унапредување на системот за зонско паркирање.
Проект за агро метеоролошки мерни станици, за изградба на локалниот пат Кавадарци – Дисан.
Чистење на речно корито на реката Луда Мар.
Изградба на фотоволтаици за производство на електрична енергија.
Изградба на трговски центар, Кавадарци мол.
Донесување на ДУП и отпочнување на проектот за обезбедување на помош и нега на стари лица.

Изградба на објект во склоп на Црвен Крст кој што ќе биде наменет за времено згрижување на семејства кои што се загрозени ( семејно насилство,пожар,елементарна непогода).
Реконструкција на Градскиот Базен Кавадарци.
Градежните активности за пам трак парк и моторички парк кои се веќе во тек.
Картинг центар.
Субвенционирање на велосипеди, електрични велосипеди и електрични тротинети.
Субвенционирање на уметници од нашиот град, за објавување на уметнички дела од областа на сликарството, книжевноста и филмот, Божиќниот пазар.
Во Кавадарци е формирано Јавно претпријатие за превоз на патници со кое ќе се реализираат градски и приградски превоз на патници и на ученици со кој ќе биде опфатено централното градско подрачје и сите села на територијата на Општина Кавадарци.Во тек е реализацијата на овој проект и за краток период ќе се обезбедат 4 нови автобуси, модерен систем за наплата и евиденција на патници со што ќе се зголеми бројот на автобуски постојки, односно ќе има нови 28 автобуски постојки.

Проекти за реконструкција на следните улици:
Ул. Западен Булевар,Лазо Асијата, 25 – Мај спој со Ѓуро Ѓаковиќ,Вељко Влаховиќ спој со Западен булевар (пробивање), Димката Ангелов Габерот реконструкција на колектор и асфалтирање,Слога, Максим Горки, Вељко Влаховиќ на потег од Никола Минчев до Цветан Димов,КФВ со комплетно нова атмосферска канализација, Водоснабдување во Ресавски залив ( од страната на ресторан Луле).

1. Донација од ДПТУ "Кожувчанка" ДОО - Кавадарци
Услуга – работа со багер на патен правец Бојанчиште – Клиново во вредност од 389.400,00 денари

2. Донација од ДПТУ "Зока Трејд" ДООЕЛ – Неготино
8000 броја заштитни маски во вредност од 48.144,00 денари

3. Донација од ДПТУ "Кожувчанка" – Кавадарци
Метални столбови за тротоар 1008 броја во вредност од 352.800,00 денари

4. Донација од ДПТУ "Велком Трејд" ДОО – Кавадарци
Техничка документација за изградба на кружен тек на Р1107 во вредност од 446.866,00 денари

5. Општина Кавадарци на Македонска Православна Црква
Финансиски средства во вредност од 2.600.000,00 денари

6. Донација од ДПТУ "Кожувчанка" ДОО – Кавадарци
Сепариран Песок во вредност од 32.738,00 денари

7. Донација од ДПТУ "Кожувчанка" ДОО – Кавадарци
Јавен превоз на патници, донација во вредност од 96.000,00 денари

8. Донација од ЈБД "Експрес" ДООЕЛ – Кавадарци
Јавен превоз на патници, донација во вредност од 20.000,00 денари

9. Донација од ДПТУ "Фулакис" ДООЕЛ – Кавадарци
Јавен превоз на патници, донација во вредност од 12.000,00 денари

10. Донација од НЛБ Банка АД Скопје
Доделени 16 персонални компјутери (лаптопи) на 4 Основни училишта во вредност од 477.120,00 денари

11. Донација од ЗГ Ротари клуб – Кавадарци
Фотонапонска централа дадена на СОУ "Ќиро Спанцов Брко", во вредност од 369.694,00 денари

12. Донација од ДПТУ "Кожувчанка" ДОО – Кавадарци
Урбана опрема во вредност од 185.732,00 денари

13. Донација од ЗГ "Еко индикатор" – Кавадарци
Проект за идејно решение за изградба на Парк на културата во вредност од 200.000,00 денари

14. Донација од Ѓорѓи Кимов од Неготино
Уметнички слики и резба, донација во вредност од 110.700,00 денари

15. Донација од "Ресурс ЛТДИ" – Кавадарци
Урбанистички проекти за фотонапонски панели во вредност од 354.000,00 денари

16. Донација од "Слога ПРОМ" – Кавадарци
Основен сообраќаен проект за режим во сообраќај во вредност од 58.240,00 денари

17. Донација од ДПТУ "Кожувчанка" ДОО – Кавадарци
20 столбови за поставување на сообраќајни знаци во вредност од 20.060,00 денари

18. Донација од ЗГ Ротари клуб Кавадарци
Опрема за музички кабинети доделена на Музичко балетско училиште "Лазо Мицев Рале", во вредност од 240.000,00 денари

19. Донација од ДПТУ "Кожувчанка" ДОО – Кавадарци
Превоз со мал автобус Кавадарци-Требиње-Кавадарци, во вредност од 43.400,00 денари

20. Донација од група граѓани претставувана од Душко Стефанов
Основен проект за реконструкција на Ресавски залив во вредност од 200.000,00 денари

21. Донација од ДПТУ "Кожувчанка" ДОО – Кавадарци
Геодетски елаборат за урбан план КО Ваташа и Геодетско снимање на повеќе улици во вредност од 30.300,00 денари

22. Донација од ДПТУ “Кожувчанка” ДОО – Кавадарци
Клима уреди (3 броја) наменети за ЦУК во вредност од 71.130,00 денари

23. Донација од ДПТУ “Кожувчанка” ДОО – Кавадарци
ТВ приемник (за во општинската сала) во вредност од 30.999,00 денари

24. Донација од ДПТУ “Кожувчанка” ДОО – Кавадарци
29 – парчиња рамки за реклами (поставени во градски стадион) во вредност од 85.550,00 денари

25. Донација од ДПТУ “Кожувчанка” ДОО – Кавадарци
Изведување на градежни работи и поставување на две клупи во новиот парк Киро Крстев, во вредност од 681.352,00 денари

26. Донација од ДПТУ “Кожувчанка” ДОО – Кавадарци
15 броја Канделабри во вредност од 106.200,00 денари

27. Донација од ДПТУ “Кожувчанка” ДОО – Кавадарци
Извршување на градежни работи – тампонирање на патот с.Ресава до Тиквешко Езеро во вредност од 278.000,00 денари

28. Донација од ДПТУ “Кожувчанка” ДОО – Кавадарци
Две патнички моторни возила во вредност од 615.000,00 денари

29. Донација од “Машинокоп” ДООЕЛ – Кавадарци
Едно специјално возило Дигалка (дадено на ЈП Комуналец со Договор за трајно користење) во вредност од 493.600,00 денари

30. Донација од ДПТУ “Кожувчанка” ДОО – Кавадарци
Столбови за тротоар, столбови за поставување на знаци и канделабри, во вредност од 658.747,00 денари

31. Донација од “Тиквеш Инвест” – Кавадарци
Услуга-расчистување со багер на речно корито Кавадарци-Марена, во вредност од 377.600,00 денари

32. Донација од ДПТУ “ЈА-МИ” ДООЕЛ Каварадци
Извршување на градежни работи – чистење на тенече маало, во вредност од 94.400,00 денари

33. Донација од ДПТУ “Кожувчанка” ДОО – Кавадарци
Инсталација на ЛЕД позадина за Градски Пазар Кавадарци, донација во вредност од 33.040,00 денари

34. Донација од НАСАЛ
Опрема за сензорна соба, во вредност од 174.807,00 денари

35. Донација од ДГРИ “Геодата Инженеринг” ДООЕЛ – Кавадарци
Геодетски работи за урбан план за дел од КП 12541/6, во вредност од 2.500,00 денари

36. Донација од ДПТУ “ЈА-МИ” ДООЕЛ Каварадци
Извршување на градежни работи и тоа на локациите: Зелен пазар, Голеш-Тиквешко Езеро, Село Шивец, Спортско игралиште во Глишиќ, Спортски ценатр “Јасмин” Кавадарци и во с.Бохула. Донацијата е во вредност од 1.012.204,00 денари со вкалкулиран ДДВ.

37. Донација од “Машинокоп” ДООЕЛ – Кавадарци
Извршување на градежни работи за Спортски Центар “Јасмин” Кавадарци и игралиште во Глишиќ. Вредноста на донацијата е утврдена во вкупен износ од 184.290,00 денари со вклучен ДДВ.

38. Донација од Друштво за градежништво и трговија “ГРАДБА ПРОМЕТ” ДОО – Кавадарци
Извршување на градежни работи за Спортски центар Кавадарци и извршување на градежни работи за улица “Дисанска”. Вредноста на донацијата е утврдена на вкупен износ од 1.652.007,67 денари со ДДВ, или поединечно:
Извршување на градежни работи за Спортски Центар Кавадарци во вкупна вредност од 85.550,00 денари со вклучен ДДВ, и
Извршување на градежни работи за улица “Дисанска” во Кавадарци во вкупна вредност од 1.566.457,67 денари со вклучен ДДВ.

39. Донација од “ГИНИС” заштитно друштво Прилеп
Донација на кутивчиња за “Гроздобер 2022 година” (3400 броја, припреми и печатење на кутивчиња). Вредноста на донацијата е утврдена на вкупен износ од 30.600,00 денари со вклучен ДДВ.





-Иницијативата поднесена од страна на претседателот на Советот на Општина Кавадарци д-р Стојанче Рамов беше изгласана и истата предвидува еднократна финансиска помош за сите првачиња за учебната 2022-2023 година. Секое запишано прваче во Општина Кавадарци, за учебната 2022 - 2023 година, ќе добие по 2000 денари за среќна и успешна учебна година. Со оваа одлука на Советот на Општина Кавадарци која за прв пат е донесена кај нас, еден од родителите на вкупно 356 првачиња од нашата општина, ќе добие парични средства во износ од 2000 денари. Целосната сума издвоена од буџетот на Општина Кавадарци е 712.000 денари.

-Секоја година Општина Кавадарци одвојува од својот буџет финансиски средства во износ од 2.000.000 денари за секое новороденче.

-Секоја година Општина Кавадарци издвојува од својот буџет финансиски средства во износ од 2.000.000 денари за сите граѓани кои имаат потреба од лекување и се од социјален ризик. За една година се исплатени средства на вкупно 429 лица.





Една година Градоначалник
Отчет за реализирани проекти
Издавач: Општина Кавадарци - Локална самоуправа
Уредник: Лилјана Митрова
Дизајн: Петре Здравков
Печати: Графо Пром Битола ДООЕЛ
Насловна фотографија: Александар Ѓорѓиев
Тираж 600 примероци
Бесплатен примерок



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ